Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр. 5/2002), член 11 став 1 алинеја 4 и член 141 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 и 275/19 ), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр 18/2013) и Статутарите одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 09.12.2021 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за формирање на Совет за социјална заштита на општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Совет за социјална заштита на општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Советот на општина Ѓорче Петров го сочинуваат 14 членови.

**Член 3**

За членови на Советот за социјална заштита на општина Ѓорче Петров се именуваат :

1. Соња Палчевска Ќосева – претставник од општинска администрација,
2. Данче Василевска Савеска – претставник од општинска администрација,
3. Надица Мушијан - претставник од општинска администрација,
4. Љубинка Крстевска - претставник од општинска администрација,
5. Елена Арсова – претставник од Ј.У.Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје,
6. Александра Боева – претставник од Црвен Крст на Град Скопје,
7. Ивана Митковска Пислевиќ – претставник од ЗЦОП – ДЕНДО ВАС – Скопје,
8. Гоце Николов – претставник од РЦ за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА,
9. Катица Станојковска Смоковска – претставник од ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина- 13 Ноември - Скопје,
10. Магдалена Чадиноска Кузмановска – претставник од Асоцијација за истражување, комуникации и развој - ПУБЛИК,
11. Емилија Шереметковска – претставник од ЈОУДГ – РОСИЦА,
12. Гордана Несторовска – претставник од ООУ Јоаким Крчоски,



Scanned with CamScanner

13. Мирјана Трајановска – претставник од ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје-Скопје,
14. Сашко Јовановски - претставник од Министерството за внатрешни работи, ПСОН Ѓорче Петров.

**Член 4**

Мандатот на членовите е со времетраење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Советот за социјална заштита на општина Ѓорче Петров изготвува социјален План за подрачјето на општината, кој треба да содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

Градоначалникот врз основа на социјалниот План, изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува советот на општината.

**Член 6**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр 08-568/5 од 27.02.2020 година.

**Член 7**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2173/14**
**од 09.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Scanned with CamScanner